ОКСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTION AND PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION

Архивски број: 08-223/2

Датум: 23.08. 2021 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација разгледувајќи ја документацијата содржана во претставката за заштита од дискриминација , архивирана под бр. 0801-223/1 од 16.08.2021 година, поднесена од [redacted] од Кочани за извршена дискриминација по основ на пол во областа социјална сигурност и социјална заштита од страна на ЈУМ Центар за социјална работа Кочани, на 20.08.2021 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за непостапување по претставка за заштита од дискриминација**

Образложение

Подносителот на претставката, [redacted] од Кочани, во горенаведената претставка за заштита од дискриминација наведува дека претрпел дискриминација по основ на пол бидејќи ЈУМ Центар за социјална работа – Кочани на 28.04.2021 година до Основниот суд Кочани поднеле Предлог за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство против него, по пријава на жртвата – неговата малолетна ќерка В.З, а не повеле иста таква постапка и против неговата сопруга, која самиот ја пријавил во ПС Кочани за семејно насилство извршено над нивната ќерка, иако им приложил и снимени видео докази за тоа дело.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од увидот на Предлогот за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство, поднесено од ЈУМ Центар за социјална работа – Кочани, бр. 08-365/Р од 28.04.2021 година до Основниот суд во Кочани, увиде дека пријавата за семејно насилство ја извршила малолетната ќерка на подносителот за сторено „психичко и физичко насилство“ врз неа извршено од страна на [redacted] на 05.04.2021 во нивниот дом.

Согласно одредбите од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Сл.весник на РМ бр. 138/14 и 33/15), Центарот на судот му предложил да закаже тајно и усно рочиште на кое ќе изрече привремена мерка за заштита од семејно насилство. Тие како докази приложиле пријава од малолетната В.З., предлог за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство, записник за извршени дејствија од ЦСР, известување од ПС Кочани, лекарски потврди и наод и мислење на стручен тим при ЈУМ ЦСР.

Од Решението на Основниот суд Кочани бр. ИЗС-6/21 од 1.05.2021, Комисијата утврди дека судот ги земал предвид сите потребни податоци и документи и одлучил да го усвои Предлогот на ЈУМ Центар за социјални работи, односно, изрекол привремена мерка за заштита од семејно насилство извршено од [redacted]. Во документот никаде не се наведува дека во семејното насилство врз малолетната ќерка, учествувала и мајката на жртвата – малолетната В.З. Жртвата го пријавила како извршител на семејното насилство само таткото, а не и мајката, како што тврди подносителот на претставката.

Членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи: *„Подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе*

*сите факти што го прават тврдењето веројатно.* ***Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно,*** *тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката".*

Од целата документација што ја поднел подносителот [redacted] Комисијата не утврди дека неговото тврдење е веројатно и затоа одлучи како во диспозитивот.

Скопје, 23.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Скопје
Комисија за спречување и заштита од дискриминација

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk